# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 29.03.2022 ГОДИНА<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 2022<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 г.**

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.03.2022 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-435/2
29.03.2022 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 95 Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15,193/15,226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“(„Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани (“Службен гласник на општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на 28.03.2022 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2022г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 година број 08-1353/4 од 24.12.2021 година.

**2. Програма: ЈН УРБАНА ОПРЕМА се менува и ќе гласи:**
**ЈН ПРОГРАМА ЗА УРБАНА ОПРЕМА**

**Проект 1:** Поставување на урбана опрема и обновување на постоечка опрема во парк во Кривогаштани.
Опис на проектот: Урбаната опрема ќе биде поставена во паркот во Кривогаштани на КП број 7487 во рамките на проектот: ,,Зајакнување на луѓето во Пелагонија„.
Вид на урбана опрема:

-лизгалки за деца
- излетнички маси
- енергетско ефикасни канделабри
- фенери
- пластични канти за селектиран отпад
- помали корпи за отпадоци
-бетонска фонтана
-обновување на седишта на нишалки
-поставување на ниски огради со украсно цвеќе
-поставување на куќички за птици
Вредност : 188.000 денари
Извор: Холандска амбасада 126.500 денари, Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 61.500 денари.

**Проект 2:** Поставување на урбана опрема на јавни површини (клупи, канделабри, летниковци, корпи за смет, автобуски постојки)
Вредност: 112.000 денари

Вкупна вредност на Програмата ЈН: 300.000 денари

Бр.08-417/3 | Претседател на Совет
28.03.2022 год. | на Општина Кривогаштани
Кривогаштани | Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Зајакнување на луѓето од Пелагонија,,**

1. Се прогласува Одлуката за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Зајакнување на луѓето од Пелагонија,, што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.03.2022 година.

2. Одлуката за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Зајакнување на луѓето од Пелагонија,, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-435/3 — Градоначалник на
29.03.2022 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28 .03.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот:**
**,, Зајакнување на луѓето од Пелагонија,,**

Член 1

Се одлучува Општина Кривогаштани да учествува со дел од средствата потребни за реализација на проектот: ,, Зајакнување на луѓето од Пелагонија,, .

Член 2

Општина Кривогаштани ќе учествува во реализацијата на проектот од член 1 на оваа одлука со средства во износ од 61,500 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-417/4 — Претседател на Совет
28.03.2022 год. — на Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 7-ма седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 28.03.2022 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 29.03.2022 година**

1.Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 година..........................................................................................................................1
- Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2022 година.....................................1
2.Заклучок за прогласување на Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Зајакнување на луѓето од Пелагонија,, ......................................2
- Одлука за сопствено учество на Општина Кривогаштани за реализација на проектот: ,,Зајакнување на луѓето од Пелагонија,, .....................................................................3

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**